Почитувани колешки и колеги,

Во врска со одржувањето на септемвриската испитна сесија 2020 г. во овие специфични услови, сакаме да ви укажеме на неколку работи со замолница строго да се придржувате кон нив при изведувањето на испитите со физичко присуство.

1. Во зависност од бројот на студентите наведени во вашиот допис, како и од вашето изјаснување како ќе го реализирате испитот, само писмено, само усно, и писмено и усно, секој професор има соодветна поголема или помала просторија, во еден, два или повеќе дена, која е само на негово располагање и без можност за поклопување со друг професор.

2. При одржувањето на писмените испити, во еден ден и во една просторија може да имате три термини, во 10:00, 12:00 и во 14:00 часот/во 9:00, 11:00 и во 13:00 часот, односно студентите што ќе полагаат треба да ги поделите најмногу во три групи.

3. Поделбата на студентите по групи ја прави предметниот професор и за тоа ги известува студентите по електронски пат.

4. Во амфитеатарот во еден термин смеат да полагаат најмногу до 60 студенти, во просториите 114 и 115 најмногу до 20 студенти, во просторијата 116 најмногу до 22 студенти. Со залепена жолта лента на клупите се обележани местата каде што треба да седат студентите.

5. На денот на одржувањето на испитот (ова се однесува и за писмениот и за усниот успит), професорот треба да се симне до главната влезна врата и да ја поведе групата студенти коишто ќе полагаат по следниов распоред на движење:

АМФ – од главната влезна врата покрај Службата за студентски прашања, низ ходникот до амфитеатарот;

114 – од главната влезна врата низ скалите, покрај Службата за сметководство и кабинетот на раководителите, низ ходникот па десно до просторијата 114;

115 – од главната влезна врата покрај Службата за студентски прашања, десно кон задните скали, од скалите право во просторијата 115;

116 – од главната влезна врата низ скалите нагоре, покрај деканатскиот кабинет и Архивата кон просторијата 116.

6. Писмениот испит може да трае најмногу до час и половина затоа што за проветрување на просторијата мора да се остави најмалку половина час. Студентите ја напуштаат просторијата во која се одвива испитот заедно и истовремено со предметниот професор на крајот од испитот, кој повторно ги спроведува до главната

влезна врата. Притоа задолжително да се внимава на физичкото растојание од 2 метра при влегувањето и напуштањето на Факултетот.

Оваа постапка се повторува за секој термин, односно за секоја група студенти.

7. Одржувањето на усните испити никако не смее да биде во вашите кабинети, туку во помалите простории, онака како што е и наведено во Распоредот за испитите. Во еден ден и во една просторија може да имате пет термини за усно полагање, односно студентите што ќе полагаат да ги поделите во пет групи од по три до пет студенти најмногу. Усниот испит започнува со почеток во 9:00/10:00 часот. Еден термин најмногу трае до еден час по што следува задолжително проветрување на просторијата и дезинфекција на просторот што го прави самиот професор (на денот на испитот професорот го зема средството од кај хигиеничарките).

8. Термините дадени во распоредот (датум, време, просторија) остануваат ваши термини без оглед како ќе ги реализирате испитите, онлајн или со физичко присуство. Само ве замолуваме доколку испитите ги реализирате онлајн, да пратите известување до продеканката за настава.

Од Управата на Факултетот